РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА СТАТИСТИКА
Бр. 01- 1246/1
21. 07. 2020 година
Скопје, "Даме Груев" - 4 тел. 3295-600
Поштенски фах 506, Телефакс 3111-336

Врз основа на член 55 став 2 од Законот за организацијата и работата на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр.58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11 год. и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.96/19 и 110/19 год.), а во врска со член 9 и 10 од Законот за слободниот пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/19 год.), директор на Државниот завод за статистика донесе

# УПАТСТВО
## за начинот на постапување со барања на информации од јавен карактер

### I. Општи одредби

I.1. Со ова упатство се уредува начинот на постапување при давањето информации од јавен карактер со кои располага Државниот завод за статистика (во натамошниот текст: ДЗС) и се определуваат информациите што им се доставуват на барателите.

I.2. Информација од јавен карактер е информација во која било форма што ја создал или со која располага Државниот завод за статистика согласно со неговите надлежности и која е јавно достапна во согласност со законските прописи.

### II.Информации што се доставуваат

II.1. Информации што им се доставуваат на барателите:

1. Податоци за контакт со имателот на информацијата: назив, адреса, телефонски број, број на факс, е-пошта, адреса на веб-страница;
2. Начин на поднесување барање за пристап до информации;
3. Внатрешната организација на ДЗС (организациска шема);
4. Податоци за директорот (биографија, податоци за контакт);
5. Основни податоци за контакт со службените лица за посредување со информации од јавен карактер: име и презиме, е-маил адреса и телефонски број,

6. Основни податоци за контакт со лице овластено за заштитено внатрешно пријавување: име и презиме, е-маил адреса и телефонски број,
7. Список на лица вработени во ДЗС со позиција, службен е-маил и службен телефон,
8. Годишен Буџет и завршна сметка;
9. Годишни финансиски планови по квартали,
10. Ревизорски извештај,
11. Закони што ги регулираат областа на државната статистика и областа на Пописите;
12. Подзаконски акти донесени од Владата на Република Северна Македонија;
13. Стратегиски документи;
14. Годишни извештаи за работа на ДЗС;
15. Сите повици во постапката за јавни набавки и тендерската документација утврдени со закон;
16. Збирни податоци за вработените лица според видот на работниот однос;
17. Збирни податоци за стручното оспособување на вработените во ДЗС;
18. Службени трошења,
19. Новости за тековните активности на ДЗС.

III.1. Информации што не им се доставуваат на барателите се:

1. Информација што, врз основа на закон, претставува класифицирана информација со соодветен степен на тајност;
2. Личен податок чие откривање ќе значи повреда на заштитата на личните податоци;
3. Информација чие давање би значело повреда на доверливоста на даночната постапка;
4. Информација стекната или составена за истрага, кривична или прекршочна постапка, за спроведуваење на управна и на граѓанска постапка, а чие давање би имало штетни последици за текот на постапката;
5. Информација која ги загрозува правата од индустриска или од интелектуална сопственост (патент, модел, мостра, стоковен и услужен жиг, ознака на потеклото на производот);
6. Доверливи податоци според дефиницијата утврдена во Законот за државната статистика;
7. Статистичките податоци што ги подготвува ДЗС во форма на публикации, соопштенија и друг облик на публикување, необјавените податоци, податоците што не се предвидени во

Програмата за статистички истражувања, како и посебните кориснички барања за подготовка на статистички податоци и за кои е утврдена цена за публикации и обработка во Решението за цените на публикациските материјали, не се предмет на ова упатство.

## IV. Постапка за решавање на барањата за информации што произлегуваат од надлежноста и работата на Државниот завод за статистика

IV.1. Доколку барателот се повикува на слободен пристап до информации од јавен карактер, а бараната информација се однесува на статистички податоци, во тој случај со барањето се постапува како барање за статистички податоци.

## V. Постапка за решавање на барањата за слободен пристап до информации

V.1. Ако според предметот на барањето произлегува дека се работи за барање за слободен пристап до информации, имателот на информацијата задолжително го разгледува барањето во согласност со ЗСПИЈК.

Барателот може да го побара пристапот до информацијата усно, писмено или во електронска форма.

Секој барател на информација од јавен карактер, врз основа на доставено барање, има право на пристап до информација и тоа со увид, препис, фотокопија или електронски запис.

Барањето за слободен пристап до информации се доставува преку писарницата на Заводот на службеното лице што е вработено во ДЗС, а назначено со решение од директорот на ДЗС и кое посредува со информациите од јавен карактер.

Службеното лице контактира, ги дава потребните информации и му помага на барателот на информации.

V.2. Доколку Заводот одговори позитивно, службеното лице ќе изготви записник/одговор на барање.

Доколку на доставено усно барање Заводот одговори позитивно, веднаш, а најдоцна во рок од 5 дена од денот на поднесување на барањето, овозможува запознавање со содржината на бараната информација на начин што му дава на увид или му обезбедува препис, фотокопија или електронски запис од бараната информација.

Доколку Заводот одговори негативно на барањето или не може веднаш да одговори, службеното лице изготвува решение.

Решението треба да содржи образложение за причините поради кои е одбиено барањето. Против решението е дозволена жалба во рок од 15 дена

од приемот на решението до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер.

V.3. Доколку на доставено писмено барање Заводот одговори позитивно, веднаш, а најдоцна во рок од 20 дена од денот на приемот на барањето, овозможува запознавање со содржината на бараната информација.

Доколку Заводот барањето целосно или делумно го одбие, за тоа ќе донесе решение со образложение за причините поради кои барањето е одбиено и за резултатите од спроведениот тест на штетност. Заводот донесува решение за делумно одбивање, одбивање или за отфрлање на барањето.

Против решението е дозволена жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Агенцијата.

Ако барателот смета дека информацијата со која се запознал не е информација што ја навел во барањето, може да бара од имателот на информации да му се овозможи запознавање со информацијата што ја навел во барањето најдоцна во рок од 10 дена по приемот на повторното барање кај имателот на информацијата.

V.4. Службеното лице е должно веднаш да одговори на барањето од барателот, а најдоцна во рок од 20 дена од денот на приемот на барањето.

Ако барањето е нецелосно и поради тоа ДЗС не може да постапува, од барателот на информацијата се бара да го дополни барањето во рок од 3 дена. Службеното лице е должно да му даде на барателот соодветна помош при дополнувањето на барањето.

V.5. Ако Државниот завод за статистика не располага со бараната информација, веднаш, а најдоцна во рок од 3 дена од денот на приемот на барањето, должен е да го препрати барањето до имателот на информации што според содржината на барањето е имател на информацијата и ќе го извести барателот за тоа.

V.6. Заводот со решение може во целост или делумно да го одбие барањето, ако утврди дека бараната информација е информација од член 6 став ( 1 ) од ЗСПИЈК, имајќи го предвид резултатот од спроведениот тест на штетност.

V.7. Увидот во бараната информација е бесплатен. Барателот на информацијата за добиениот препис, фотокопија или електронски запис на информацијата плаќа надоместок во висина на материјалните трошоци утврдени со правилник донесен од Министерството за финансии. Ако барањето се однесува на информација од поголем обем, имателот на информацијата може да побара барателот да го даде надоместокот за покривање на трошоците за добивање на информацијата однапред.

**V.8.** Службеното лице за посредување со информации од јавен карактер е должно да подготви годишен извештај за спроведување на одредбите од ЗСПИЈК, да го достави до Агенцијата до 31 јануари во тековната година за претходната и да го објави на веб страницата на Заводот.
Целокупната документација во врска со постапувањето по ова упатство, до предавањето во писарницата на ДЗС, ја чува службеното лице.

**VI. Завршни одредби**

**V.1.** За непочитување на одредбите од Законот за слободниот пристап до информации од јавен карактер предвидена е глоба за прекршок на раководното лице, односно на службеното лице во Државниот завод за статистика.
**V.2.** Ова упатство влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави на интранет-страницата на Државниот завод за статистика.
Листата на информации од јавен карактер ќе се објави на веб-страницата на Заводот.
**V.3.** Со стапување во сила на ова упатство, престанува да важи Упатството за начинот на постапување со информации од јавен карактер бр.0101-3692/1 од 20.11.2017 година.

**Директор**
**Апостол Симовски**